Објавен во Службен весник број: 44/2014
Датум на објавување: 05.03.2014

# Закон за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд

## Член 1

Во Законот за инспекцијата на труд ("Службен весник на Република Македонија" број 35/97, 29/2002, 36/11 и 164/13), во членот 3-а по ставот 1 се додаваат четири нови става 2, 3, 4 и 5, кои гласат:

"Директорот на Инспекторатот го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Мандатот на директорот трае четири години, со можност за уште еден мандат.

За именување на директор се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има минимум пет години работно искуство во струката;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
6) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 6, 7, 8 и 9."

## Член 2

Во членот 22 став 1 зборовите: "Со парична казна од 150.000 до 250.000 денари ќе се казни" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече".

Ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

"Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице кај работодавачот за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое самостојно врши дејност или професија за прекршокот од ставот 1 на овој член.”

**Член 3**

Директорот на Инспекторатот именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 4**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инспекцијата на труд.

**Член 5**

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.